Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА ДЕБАР - KOMUNA DIBËR
ГРАДОНАЧАЛНИК - KRYETARI
Бр./Nr. 04-1225/1
19.12.2024 год./viti.
ДЕБАР - DIBËR

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ОПШТИНА ДЕБАР
ГРАДОНАЧАЛНИК

NJËSIA E VETADMINISTRIMIT LOKAL
KOMUNA DIBËR
KRYETAR

Арх.знак/Shenja ark. 0405
Рок на чување/Afati i ruajtjes 1С
19.12.2024 год./viti.

Врз основа на член 3 и член 5 од Закон за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), во врска со член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021 и 111/2023), Градоначалникот на Општина Дебар,објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**За вработување на 4 (четри) работници во неопределено време**

Општина Дебар има потреба за вработување на 4(четри) работници во неопределено време за следните работни места со шифра и звање:

1. УПР0405А02004 Курир, Одделение за правни и општи работи, Сектор за општи и правни работи ијавни дејности.............1(еден)извршител

Општи услови на работното место се:;
-да е државјанин на Република Македонија;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,дејност или должност;

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно-техничките лица од категоријата А, ниво А2 курир се:
- средно гимназиско образование;
- со или без работно искуство;

**Распоред на работно време:**
Работни денови: понеделник-петок
Работни часови: неделно 40
Работно време од 08:00 до 16:00
Паричен нето износ на плата: 25,500 ден

2. УПР0402А02001-Чувар (II) , Одделение за правни и општи работи, Сектор за општи и правни работи и јавни дејности ...........1(еден)извршител

Општи услови на работното место се:;
-да е државјанин на Република Македонија;
-да е полнолетен;

-да има општа здравствена способност за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,дејност или должност;

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица од категоријата А, ниво А2 друго помошно –технички лица –чувар (II) во областа обезбедување на објекти и опрема се:
- средно образование;
- со или без работно искуство;

Распоред на работно време:
Работни денови: понеделник-петок
Работни часови: неделно 40
Работно време од 08:00 до 16:00
Паричен нето износ на плата: 26,800ден

3. УПР0401А05001- Работник за одржувач на паркови, зеленила, објеки и други површини , Одделение за комунални дејности, сообраќај и патишта, Сектор за урбанизам, животна средина, локален економски развој, комунални дејности, сообраќај и патишта..............1(еден)извршител

Општи услови на работното место се:;
-да е државјанин на Република Македонија;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,дејност или должност;

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно-техничките лица од категоријата А, ниво А05- Работник за одржување на објекти (зеленило)се:
- основно образование;
- со или без работно искуство;

Распоред на работно време:
Работни денови: понеделник-петок
Работни часови: неделно 40
Работно време од 08:00 до 16:00
Паричен нето износ на плата: 25,000 ден

4. УПР0403А03001-возач на камион и багер, Одделение за комунални работи сообраќај и патишта, Сектор за урбанизам, животна средина, локален економски развој, комунални дејности, сообраќај и патишта..............1(еден)извршител

Општи услови на работното место се:;
-да е државјанин на Република Македонија;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена способност за работното место;
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,дејност или должност;

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица од категоријата А, ниво А3 – возач на камион и багер се:
- средно гимназиско образование;
- положен возачи испит за Б и Ц категорија;
- без работно искуство;;

Распоред на работно време:
Работни денови: понеделник-петок
Работни часови: неделно 40
Работно време од 08:00 до 16:00

Паричен нето износ на плата: 25,800 ден

Рокот за пријавување на заинтересираните кандидати е 3 работни дена сметано од денот на објавување на Јавниот Конкурс во дневните весници (Нова Македонија и Коха ).
Доколку на јавниот оглас се пријават до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.
Кандидатите **со пријавата** (достапна до архива на Општина Дебар) во кое се наведува за кое работно место се пријавуваат треба да достават докази за исполнување на наведените услови и тоа:
-диплома, уверение или сведителство за бараната стручна подготовка;
-потврда за работното искуство за работните места во кое се бара;
-уверение за државјанство;
-Лекарско Уверение за општа здравствена способност на работното место издадено од соодветна здравствена институција;
-Потврда од надлежен орган дека не му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност;
Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок и пријавите што не ги содржат бараните документи ќе се сметат за некомплетни и нема да се разгледат.

Потребните документи се поднесуваат во оригинал или копија заверена кај нотар. На адреса ул. „8-ми Септември„ бр.72 Дебар, до архива на Општина Дебар, секој работен ден од 8:00 часот- 16:00 часот.

Општина Дебар
Градоначалник
Hekuran Duka